Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневните настани 13.10.2023

На 12.10.2023 во 16.05 часот на ул.„Финска" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Х.Д.(21) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

Денеска (13.10.2023) во 09.10 часот на ул „Ѓорѓи Пенков" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Л.(37) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување на казна затвор од две години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено – поправна установа за издржување на казната.

На 12.10.2023 во Демир Хисар, полициски службеници од криминалистичката полиција на СВР Битола го лишиле од слобода Г.Ц.(61) од Демир Хисар. При претрес во неговиот дом и помошни простории, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени ловечка пушка „Бајкал" калибар 12мм, воздушна пушка калибар 4,5мм и 17 куршуми калибар 12мм. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2023 во 22.00 часот на улица „Крум Точко" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле В.Х.(25) од Струга затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2023 во 20.00 часот на локален пат во кичевската населба „Крушино", полициски службеници од ОВР Кичево ја лишиле од слобода А.М.(31) од кичевското село Лисичани затоа што кај неа била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2023 во 13.30 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Д.Г.(26) од Република Франција затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 12.10.2023 во 13.42 часот во СВР Штип, од Казнено – поправната установа Затвор Штип било пријавено дека во пакет, кој пристигнал по пошта за осудеников Х.С.(28) од Скопје, била пронајдена марихуана. Полициски службеници извршиле увид и ја подигнале дрогата за понатамошна постапка и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2023 во 21.00 часот на Граничниот премин Богородица, полициски службеници го лишиле од слобода Б.С.(64) од Република Албанија затоа што при увид на грчката сообраќајна дозвола било констатирано дека патничкото моторно возило „мерцедес" со грчки национални ознаки, кое го управувал, имало друг вин број кој бил утврден од типската налепница и од бројот на шасијата на возилото. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка.

Денеска (13.10.2023) во 02.00 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода И.Н.(43) од Косово затоа што при контрола на документите било констатирано дека германската возачка дозвола која ја дал на увид била фалсификувана. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (12.10.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 208 возачи. Од нив 15 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 103 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 105 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (12.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 167 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 30 санкции, седум санкции за возење без возачка дозвола, шест санкции за управување под дејство на алкохол, шест мерки за користење на мобилен телефон при возење...

Во текот на вчерашниот ден (12.10.2023) во периодот од 17.00 до 21.00 часот Секторот за сообраќајни работи при Одделот за Униформирана полиција, Биро за јавна безбедност и Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведоа акциска контрола на територијата на Штип за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 73 возачи, од кои 20 за возење без возачка дозвола, четири за возење со изминат рок на важност на сообраќајната дозвола. Изречени се четири мерки за возење без лекарско уверение при вршење на јавен превоз, две санкции за непрописно вградени фолии (затемнети стакла), пет санкции за возење под дејство на алкохол...

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (12.10.2023) во периодот од 10.00 до 14.00 часот на територијата на Република Северна Македонија спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возачите кои не ги пропуштаат пешаците на пешачки премин, односно не ги почитуваат обврските како возачи. При контролата санкционирани се 62 возачи.

На 12.10.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 11 прекршоци, од кои 8 во населено место и 3 надвор од населено место. Истиот ден во времето од 10.00 до 14.00 часот била спроведена акциска контрола на возачи кои не даваат првенство на минување на пешаци. Притоа биле санкционирани 5 прекршоци. Санкционирани биле и 38 други видови на прекршоци, од кои 14 за управување возило без возачка дозвола, 3 нерегистрирано возило, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 5 за некористење сигурносен појас, 6 за користење мобилен телефон, 1 за непрописно престројување и 7 за непрописно паркирање.

На 12.10.2023 во 16.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Никола Карев" во Скопје, патничко возило „мерцедес" удрило во малолетник, по што го напуштило местото. Малолетникот бил пренесен во Ургентен центар во Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде била констатиран смрт. По кратко време, по преземени мерки и активности, полициски службеници го пронашле возилото и возачот З.Ш.(21) од Скопје, кој бил приведен. Увид извршила екипа од СВР Скопје и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2023 во 09.30 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на магистрален пат Струмица-Радовиш, на делница помеѓу селата Владевци и Радичево, се случила сообраќајна несреќа помеѓу влекач „волво" со полуприколка, со струмички регистарски ознаки, управуван од В.Н.(60) од Струмица и патничко возило „хонда" со радовишки регистарски ознаки, управувано од Љ.И.(46) од село Воиславци, радовишко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничка од патничкото возило „хонда", Д.И.(42) од с.Воиславци, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото на несреќата извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 12.10.2023 во 09.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосница од ул.„Доне Божинов" и ул.„Фетка Наскова" во Куманово, патничко моторно возило удрило во С.Ц.(76) од с.Горно Којнаре, кумановско, по што го напуштило местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.Ц, констатирани во Општа болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.10.2033 во 09.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кругот на Ј.П. „Комунална Хигиена", патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.З.(45) од Скопје, удрило во Т.Д.(48) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 12.10.2023 во СВР Битола, П.Т.(87) од Битола пријавил дека на ул.„Арон Ароести" во Битола бил каснат од куче скитник .

Денеска (13.10.2023), полициски службеници од Полициската станица Гевгелија го лишиле од слобода А.Ш.(42) од Гевгелија. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, семки од растението канабис, исушени стебла од растението канабис и предмети со остатоци од марихуана и бела прашкаста материја, додека при претресот во дворното место биле пронајдени и одземени 29 засадени стебла од растението канабис. Лицето било задржано во полициска станица и со него бил извршен службен разговор. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2023, при контроли во атарот на струшкото село Вишни, извршени од полициски службеници од Одделението за сузбивање на економски криминал и корупција при МВР и од ОВР Струга запрено е товарно возило „мерцедес" со струшки регистарски ознаки, управувано од А.И.(34) од струшкото село Радолишта, во кое сопатник бил С.П.(56) од Вевчани, вработен во Шумското стопанство „Јабланица" од Струга. Притоа, било констатирано дека во возилото нелегално се превезуваат 16 метри кубни огревно дрво, кое заедно со други предмети, по насоки на јавен обвинител, се одземени и предадени на Шумската полиција. По целосно документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2023 во 18.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", од оператор на обезбедување при ТАВ Македонија било пријавено дека при рентген контрола на багаж на летот за Цирих, Швајцарија, во еден куфер бил пронајден пиштол. Полициски службеници, во придружба на рентген операторот, извршиле увид и во куферот на И.М.(76) од Гостивар пронашле пиштол „Ekol Jackal Dual". Со И.М. бил извршен разговор, при што таа изјавила дека пиштолот припаѓа на нејзиниот син и заборавила дека е во куферот. Пиштолот бил одземен и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.10.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје, Ш.Ј.(37) од скопско село пријавил дека неговата малолетна ќерка била физички нападната од нејзиниот наставник Џ.А. од основно училиште во скопско село. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.10.2023 во 17.30 часот во СВР Скопје, З.З.(59) од Скопје пријавил дека околу 09.00 часот на подрачјето на Драчево бил физички нападнат од едно лице, кое употребило тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.10.2023 околу 23.00 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово кај М.И.(22) од гостиварско Чегране пронашле и одзеле метален боксирач. Против него ќе биде изготвен соодветен поднесок по Законот за оружје.

На 12.10.2023 во 19.00 часот во СВР Скопје, Д.Ј.(36) од Скопје пријавил дека околу 11.00 часот пред угостителски објект на подрачје на Центар, поради претходно недоразбирање и нерасчистени должничко-доверителски односи, бил физички нападнат од Ѓ.Т., кој му упатил и закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе следува соодветен поднесок.

На 12.10.2023 во 22.45 часот во СВР Велес било пријавено дека на ул.„Блажо Алексов" во Кавадарци, Р.„Н" и уште три лица физички го нападнале Д.Ј.(45) од Кавадарци, а при нападот користеле и тврд предмет. Д.Ј. бил пренесен во болницата во Кавадарци каде му биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот бил известен јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.10.2023 во 15.45 часот во с.Банско, струмичко, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Ново Село при Регионалниот центар за гранични работи Исток запреле и извршиле преглед на трактор со приколка натоварен со огревно дрво, а управуван од О.И.(37) од с.Банско. При прегледот било констатирано дека дрвата се нежигосани и дека О.И. нема документи за нивен превоз. За настанот биле известени Шумска полиција и јавен обвинител. Потоа на местото се собрала поголема група жители на селото, а О.И. со тракторот се оддалечил од местото. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2023 во 09.55 часот во СВР Скопје, Љ.П.(45) од Скопје пријавил дека на 11.10.2023 на подрачјето на Топанско Поле бил физички нападнат од М.Т.(21), Н.А.(27) и И.Л.(32), сите од Скопје, кои употребиле и тврд предмет и кои му одзеле пари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.10.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје, Д.Ц.(43) од Скопје пријавила дека околу 19.30 часот на подрачјето на Аеродром, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од П.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.10.2023 во 14:50 часот во Полициското одделение Мирковци било пријавено дека во близина на место викано „Вражји вир" покрај магистрален пат за Граничен премин Блаце, настанал пожар на нискостеблеста шума, при што биле зафатени и три трла, кои во моментот биле празни. Екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје и хеликоптер на МВР го изгаснале пожарот, а повредени лица нема.

На 12.10.2023 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Мојанци, скопско, настанал пожар во куќа сопственост на А.Ш.(36), при што била опожарена една просторија. Екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 12.10.2023 во 23.16 часот во СВР Скопје, Б.М.(27) пријавил дека на подрачје на Бутел од залутано зрно бил оштетен предниот дел од патничко моторно возило „хјундаи" со скопски регистарски ознаки, сопственост на рент а кар фирма од Скопје, кое тој го управувал. Повредени лица нема, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 12.10.2023 во СВР Куманово било пријавено дека околу 17.10 часот на ул.„Доне Божинов" во Куманово се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „даеву ланос" со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.А.(20) од Куманово, патничко моторно возило „опел зафира" со кумановски регистарски ознаки, управувано од П.Б.(43) од Куманово и „фолксваген голф" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Т.З.М.(32) од Куманово. Во незгодата со повреди се здобиле М.А. и Е.П., сопатничка во патничко моторно возило „фолксваген голф, констатирани во Општа болница Куманово. Увид на местото извршила од екипа од СВР Куманово.

На 12.10.2023 во 10.05 часот во Полициската станица Центар, Ј.Д.(21) од Велес пријавил дека во кругот на Комплексот клиники „Мајка Тереза" бил каснат од куче скитник.

На 12.10.2023 во 10.30 часот во Полициската станица Драчево, В.М.(75) од Скопје пријавила дека на ул.„Иван Хаџиниколов" била касната од куче скитник.

На 12.10.2023 во 21.20 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Р.О.(51) од Скопје пријавил дека на ул.„Вашингтонска" бил каснат од куче скитник.

На 12.10.2023 во 10.15 часот во ОВР Кичево, И.А.(35) од кичевското село Србјани пријавил дека на локален пат во селото бил каснат од куче скитник.

На 12.10.2023 во 17.00 часот во Полициската станица Аеродром Г.А.(26) од Битола пријавила дека на ул.„23-ти Октомври" била касната од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет